РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1458/9
12.12. 2017 год.
КОЧАНИ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА
РОЈАЛ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
БР. 0302-45/17
07.12. 2017 год.
КОЧАНИ

# Д о г о в о р

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев ( во натамошниот текст : **Купувач)** и

**2. ДГПТ Ројал Инжинеринг ДООЕЛ Кочани,** со ЕМБС 6336710 и ДБ МК4013008501466, со седиште на ул.„Индустриска" б.б. во Кочани, жиро с-ка 300050000115512, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од управителот Драги Наунов, (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Зимско и редовно прочистување на патен правец према с.Главовица во планинскиот дел на оддалеченост до 50 км од Кочани**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05-1458/5/2017, изработена од Корисникот на услугата за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди (постапка до 5000 евра), со објавување на оглас бр.05-1458/6/2017 од 25.09.2017 год. , објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1458/2 од 22.09.2017 год..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Вкупната вредност на овој договор за конкретниот предмет на набавка изнесува **168.000,00 ден**. без ДДВ, односно **198.240,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.**

Единечните цени за услугите – по опис на услуга, без вклучен ДДВ и со вклучен ДДВ се утврдени и преземени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН,согласно Извештај од поднесување конечна цена генериран на ЕСЈН и одлуката објавена на ЕСЈН дека во текот на поднесувањето конечна цена не беше поднесена нова намалена цена, а во согласност со т.18.5 од тендерската документација Единствениот понудувач ја поднесува конечната цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена, првично понудената цена ќе се смета за конечна.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

Корисникот на услугата нема обврска да ги исцрпи сите средства за реализација на Договорот.

**Листа на цени**

| Ред ен бр. | Vid на услуги | Единица мерка | количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско расчистување на снег | час | 40 | 2.400,00 | 96.000,00 |
| 2 | Машинско прочистување на патишта | км | 15 | 2.400,00 | 36.000,00 |
| 3 | Машинско расчистување на одрони | час | 15 | 2.400,00 | 36.000,00 |
| | | | | Вкупна цена без ДДВ | 168.000,00 |

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2017 и 2018 год., Програма ФД, ставка 482.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по доставување на фактура за стварно изведени услуги, што ја доставува Вршителот на услугата, со дефинирани и изведени позиции, одложено до 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Корисникот на услугата, а согласно единечните цени утврдени и прифатени од конечната понуда на избраниот најповолен понудувач.

***Начин и рок на вршење на услугите***

**Член 5**

Набавката е сукцесивна. Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го извршува совесно, стручно и квалитетно, согласно позитивните законски прописи, за време од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на склучување на Договорот, во зависност од потребите на Корисникот на услугата и Програмата за уредување на простор во рурални подрачја за 2017 година.

Вршителот на услугата се обврзува при падавини на снег, кога снежните наноси се поголеми од 3 (три) сантиметри или при одрони на камења и карпи кои го попречуваат движењето по патот, со соодветна механизација да интервенира самоиницијативно, а на повик од Корисникот на услугата, најкасно во рок од еден час да отпочне со соодветна интервенција за расчистување на патот од снежни наноси или одрони, а во итни случаи веднаш по добиениот повик од страна на Корисникот на услугата, односно Вршителот на услугата да обезбеди проодност на патниот правец према с.Главовица за целото времетраење на договорот.

*Квалитет и гаранции*

**Член 6**

Вршителот на услугата се обврзува за одржувањето на патниот правец према с.Главовица да гарантира квалитет согласно важечките технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги.

*Надзор над вршење на услугите*

**Член 7**

Корисникот на услугата има право да врши стручен надзор над работите на Вршителот на услугата заради проверување и обезбедување на уредно изведување на зимското одржување на патниот правец према с.Главовица, особено во поглед на утврдените временските рокови.
За определениот стручен надзор и за неговите овластувања Корисникот на услугата го известува Вршителот на услугата.

**Член 8**

Вршителот на услугата е должен да му овозможи на Корисникот на услугата вршење на стручен надзор.

*Договорна казна*

**Член 9**

Во случај на неквалитетно вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 2% од вредноста на услугата за зимско и редовно прочистување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на договорот при што потребно е веднаш од страна на Корисникот по приемот на извршената услуга да му врачи на Изврштелот писмено известување дека Корисникот го задржува правото на договорна казна- пенали.

Во случај на неисполнување на договорените услуги, Корисникот на услугата има право да го раскине Договорот со проста изјава и да бара надомест на штета /која Вршителот на услугата е должен да му ја надомести /.

*Времетраење на важност на договорот*

**Член 10**

Времетраење на важноста на овој Договор изнесува 12/ дванаесет /месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот .

*Завршни одредби*

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма , ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Корисникот на услугата и 2 (два) примерока за Вршителот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување .

| | |
|---|---|
| *за Вршителот на услугата ,* | *за Корисникот на услугата ,* |
| *Управител* | *Градоначалник,* |
| *( Драги Наунов )* | *(Николчо Илијев)* |

*Изработил: Виш соработник Александра Миткова*
*Контролирал : Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште –Влатко Димитров*